SBS

# Media Release

5 October 2021




## СБС сака да слушне мислење од заедницата за да помогне во обликувањето на иднината на јазичните програми на СБС Радио

СБС ја започна својата редовна ревизија на јазичните програми кои што се емитуваат преку радиото СБС. Со цел подобро да ја усклади понудата со потребите на современото австралиско општество, СБС денеска започнува со процес на јавно советување за да обезбеди повратни информации за предложените нацрт критериуми за ревизијата.

Ревизијата на јазичните услуги на СБС е процес што се спроведува на секои пет години, во согласност со националниот попис, за да се обезбеди радио програмите да ги одразуваат постојаните промени во се поразновидното австралиско општество. За да утврди кои јазични програми ќе се емитуваат и начинот на кој ќе ја опслужуваат заедницата во текот на следните пет години, СБС ќе се води според утврдени критериуми, заедно со податоците од овогодишниот попис на населението.

Ревизијата на јазичните услуги ги опфаќа аудио и јазичните понуди на СБС радио, СБС на барање (SBS On Demand), подкастите и другите дигитални платформи.

Јавното советувње во траење од шест седмици, кое започнува денеска и завршува на 12 ноември 2021 година е важна можност за заедниците да дадат придонес кон иднината на радио услугите на СБС и поширокaта понуда на аудио и јазични содржини. СБС ќе ги земе предвид сите повратни информации при утврдување на конечниот избор критериуми што ќе се користат при ревизијата.

Дејвид Хуа, директор за аудио и јазична содржина на СБС, по тој повод рече: „СБС има извонредна можност да допре до разновидните заедници во Австралија и да се поврзе со нив во повеќе допирни точки преку своите повеќејазични услуги. Повеќе од 45 години, ние продолжуваме да го приспособуваме начинот на кој обезбедуваме иновативни и значајни услуги за заедниците, а денес тоа го правиме преку радио, онлајн, подкасти и апликации на повеќе од 60 јазици. Овој преглед, во пресрет на 50 годишнината од постоењето, ќе помогне во обликувањето на СБС".

"Клучната улога на СБС, дојде до израз особено за време на пандемијата на Ковид-19 преку доставување на најновите вести и важни здравствени информации до членовите на заедниците, на нивниот јазик. Ревизијата на

јазичните услуги е важна можност да ги ускладиме нашите понуди со потребите на заедниците во денешна Австралија”.

“Редовното ажурирање на нашите јазични програми му овозможува на СБС подобро да ги опслужува заедниците со најголем број членови од различно културно и јазично потекло, како и заедниците во развој и оние кои имаат изразена потреба за нашите услуги. Да и се даде можност за изјаснување на нашата публика во овој процес е клучен елемент, па поради тоа ги поттикнуваме заедниците ширум Австралија да го споделат со нас своето мислење“.

Критериумите за избор треба конечно да се утврдат до мај 2022 година, а ревидираните јазични услуги на СБС ќе почнат да се применуваат пред крајот на 2022 година.

Периодот за јавни консултации во врска со критериумите трае од 5 октомври до 12 ноември 2021 година. За да прочитате за нацрт критериумите и за да доставите свое мислење, посетете ја страницата sbs.com.au/consultation.

Крај

За дополнителни информации и да побарате интервју, стапете во контакт:
Kate Warnock | kate.warnock@sbs.com.au | 0419 316 135